**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**
Су.бр.19/2016
20.01.2016 год
Д Е Б А Р

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2015 ГОД.

### I.ВОВЕД

Основниот суд Дебар, како самостоен и независен орган на судската власт, е суд со основна надлежност основан за подрачјето на Општините Дебар и Центар Жупа,.

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегуваат од Уставот на Република Македонија, Законот за судовите и Судскиот деловник, во извештајната година судската власт ја извршуваше законито, навремено, ефикасно и непречено, со цел економично и во разумен рок на остварување на правата и обврските на странките.

Во 2015 год. работите и задачите од надлежноста на судот беа извршувани од вкупно 32 вработени, од кои: 5 судии (со Претседателот на судот), и 27 админинистративни работници.

### II .ОБЕМ НА РАБОТА НА СУДОТ

1. НОВОПРИМЕНИ РЕДОВНИ И ПОВТОРНО ЗАВЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ

Во 2015 година судот по сите основи има примено вкупно 5536 предмети, во вкупната бројка опфатени се и 266 административни

предмети, од кои во граѓански оддел примени се 2982 предмети и во кривичен оддел примени се вкупно 3188 предмети.

2. ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА

Во текот на 2015 година Основниот суд Дебар по сите основи имал во работа вкупно 5906 предмети, од кои 377 се нерешени предмети од претходната година, а 5473 се новопримени редовни и 63 повторно завдени предмети (минус 7 погрешно заведени).

3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Решени се 5564 предмети, од кои во граѓанскиот оддел 2043 предмети, а во кривичниот оддел 3256 предмети.

Решени се и 265 т.н. административни предмети.

Приливот на нови предмети на ниво на суд е совладан и решени се 35 предмети од заостатокот.

Додека пак приливот на предмети по оддели не е совладен во граѓанскиот оддел, а тоа се должи на околностите на приливот на имотни предмети во четвртиот квартал од извештајната година, како и решавањето на оставинските предмети во работа на нотар.

4.НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на извештајната 2015 година по сите основи останале нерешени 342 редовни предмети( 331 редовни и 11 повторно завдени предмети.

Остатког на нерешени предмети по видови и тоа:

132 оставински предмети (сите доверени на нотарите); 33 П1-имотни; 23 П2-семејни; 16 П4-облигациони; 1 работни спорови (“РО”); 1 ВВП; 5 физичка делба ВПП1; 5 ПЛП, 36 прекршочни предмети; 6 “КУИКП” предмети; 3 извршување на кривични глоби,трошоци и паушали;1 КС; 8 предмети со извршување на прекршочни санкции; 5 кривични (полнолетни); 18 разни кривични предмети; 1 СУ; 6 ЗАВ предмети и 1 парничен предмет.

Од повторно заведени предмети останале нерешени вкупно 11 предмети и тоа: 3 кривични полнолетни; 4 прекршочни предмети;1 РО; и 3 имотни предмети.

*Табеларен приказ на движење на предметите во судот*

| *Нерешени на почетокот на 2015 г* | *Новопримени предмети* | *Предмети повторно во работа* | *Погрешно заведени предмети* | *Вкупно предмети во работа* | *Решени предмети* | *Останати нерешени предмети* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *377* | *5473* | *63* | *7* | *5906* | *5564* | *342* |

*Табеларен приказ на движење на предметите во судот-судска управа*

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ – СУ-07 | 0 | 243 | / | 243 | 243 | 0 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | 0 | 1 | / | 1 | 1 | 0 |
| СУ-ИЗЗ | 0 | 16 | 1 | 16 | 15 | 1 |
| УПП | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| СПИ | 0 | 5 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| Вкупно | 1 | 266 | 1 | 266 | 265 | 1 |

5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Во 2015 година од вкупно примените 166 предмети од второстепениот суд 119 предмети се потврдени, 5 предмети се преиначени, 36 предмети се укинати и 2 предмет е делумно укинат.

| *Решени предмети со норма* | *Потврдени* | | *укинати* | | *Преиначени* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | број | % | број | % | број | % |
| 1845 | 119 | 6,4 | 36 | 1,9 | 5 | 0,2 |

6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Од вкупно примените 9 одлуки по вонреден правен лек во 2015 год., 3 предмети потврдени, 6 предмети отфрлени.

7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната 2015 година биле во работа вкупно 53 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои:7 кривични (полнолетни), 1 КС, 25 граѓански и 20 прекршочни предмети. Во истата година се решени вкупно 43 вакви предмети, од кои: 5 кривични (полнолетни), 1 кс, 21 граѓански и 16 прекршочни предмети. Нерешени останале вкупно 10 предмети, од кои 1 кривични (полнолетни), 3 прекршочен предмет и 1 граѓански

8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2015 година Основниот суд Дебар имал во работа вкупно 48 стари предмети, од кои 3 “К”-кривични (полнолетни), 1 прекршочен предмет, 19 “КУИКП” предмети, 11 граѓански (6 имотни, 1 парничен, 1 работен спор, 1 физичка делба (”ВПП1”) и 2 повп.) и 14 оставина кај нотар.

Од вкупниот број 48 стари предмети, решени се вкупно 21 предмети, од кои: 3 кривични (полнолетни), 1 прекршочен предмет, 4 КУИКП, 3 имотни,1 РО, 2 млвп, 1 физичка делба-“ВПП” и 6 оставина кај нотар.

Останале нарешени стари предмети вкупно 27 предмети од кои:3 имотни, 1 парничен предмет, 15 КУИКП предмети и 8 оставински предмети во работа на Нотар.

## III.ОБЕМ НА РАБОТА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛИ

### 1. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:

1.1. Граѓански предмети: парнични (“П1”,“П2”,“П4”,“ПЛ1-П”, “МАЛВП”, “РО” ,„ПОВП“ и разни парнични предмети): Во 2015 година судот во работа имаше вкупно 258 редовни граѓански (парнични) и 32 повторно во работа предмети, Од овие предмети се решени 173 редовни и 24 повторно заведени предмети или вкупно 197 предмети, а останале нерешени 78 предмети.Останале нерешени 77 редовни и 4 повторно заведени предмети. Приливот кај парничните предмети не е совладан.

Во 2015 година квалитетот во решавањето кај овој вид предмети е следниот: Вратени од второстепениот суд се 59 предмети, од кои:42 се потврдени, 2 преиначени и 13 се укинати, 1 делумно укината одлука.

1. 2. Вонпарнични (оставина по приговор, останати вонпарнични предмети, физичка делба, ЗАВ и ЗАМ) предмети.

Во 2015 година во работа судот имаше вкупно 944 вонпарнични предмети, од кои 917 се новопримени, а 27 се заостаток од минатата година. Решени се 944 предмети..

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Биле вратени од второстепениот суд вкупно 4 предмети и сите се со потврдени одлука.

1.3 Извршни предмети по Закон за извршување ( приговори против неправилности во извршувањето (“ППНИ”) и противизвршување (“ПИ”).

Во извештајната година во работа имало 30 ППНИ предмети, од 28 ново примени и 2 од заостаткот, сите се решени.

Вратени одлуки од второстепен суд вкупно 12 и иститe се со одлука потврдена.

1.4.Оставински предмети (О1, и О)

Во извештајната година судот имал во работа 2 предмети оставина по приговор (О1) и двата решени.

Оставински предмети доверени на Нотар има вкупно 290 предмети, од кои 203 новопримени и 87 од заостаток.Решени се 158 предмети а останале нерешени 132 предмети.И кај овој вид на предмети не е совладан приливот и има заостаток во решевање на предметите.

*Табеларен приказ на движење на предметите во граѓански оддел на судот.*

| *Предмети на почетокот на 2015 г* | *Новопримени предмети* | *Предмети повторно во работа* | *Погрешно зведени предмети* | *Вкупно предмети во работа* | *Решени предмети* | *Останати предмети* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 189 | 2057 | 25 | 1 | 2270 | 2043 | 227 |

*Тбалеарн приказ за квалитетот на решавање на предметите во граѓански оддел на судот.*

| *Решение предмети со норма* | *Потврдени* | | *Укинати* | | *Преиначени* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на предм.* | *Број* | *%* | *Број* | *%* | *број* | *%* |
| 599 | 60 | 10 | 13 | 2,1 | 2 | 0,3 |

**2. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

2.1. Определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП")

Во 2015 година се примени 26 нови предмети определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"), колку што вкупно биле во работа и сите се решени во извештајната година.

2.2. Кривични ("К") предмети-полнолетни

Во 2015 година се примени 72 редовни и 17 повторно заведени кривични (полнолетни) предмети или 89 предмети и заедно со нерешените 18 од претходната година, судот во работа имаше вкупно 107 предмети.Од овие предмети се решени 83 редовни и 16 повторно заведени предмети или 99 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 5 редовни и 3 повторно заведени предмети.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот е совладан и се решени 10 предмети од заостатокот.

Во 2015 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примени се вкупно 25 предмети со одлуки по жалби, од кои 16 потврдени, 1 преиначени, 4 укинати, 1 е делумно укината и 1 отфрлена.

1.3. Прекршоци (“ПРК”)

Во текот на извештајната година се примени 567 редовни и 19 повторно заведени предмети и заедно со нерешените 115 од претходната година, судот во работа имаше вкупно 682 редовни и 20 повторно заведени прекршочни предмети.Од овие предмети се решени 646 редовни и 16 повторно заведени предмети или вкупно 662 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 40 предмети од кои 4 повторно заведени предмети.

Кај прекршочните предмети приливот е совладан за 73 предмети.

Во 2015 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примени се вкупно 61 предмети со одлуки по жалба, од кои 42 со одлука потврдени и 19 со одлука укината.

1.4. Извршни-прекршочни предмети (“ИПРК”)

Во 2015 година судот постапуваше во 316 извршен-прекршочни предмети, од кои 4 се нерешени од претходната година, а 312 се новопримени предмети. Решени се 308 предмети, а на крајот на годината останале нерешени само 8 предмети.

1.5. Извршување на кривични парични казни и пушален износ (“ИКП”):

Во извештајната година судот постапуваше во 42 ИКП-предмети, од кои 3 се остаток од претходната година, а 59 се новопримени предмети. Од вкупниот број предмети се решени 39 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 3 предмети.

1.6. Кривичен совет.

Во 2015 година во работа имаше 2 предмети кривичен совет за прекршоци и двата предмети се решени.

Во 2015 година во Кривичен совет вон главна расправа имаше 67 предмети од кои 1 заостаток од предходната година. Решени се 66, а останал нерешен 1 предмет.

Од второстепен суд примени се вкупно 3 предмети од кои 2 или со одлука преиначени и 1 со долука отфрлена.

1.7. Замолници од кривична област (“ЗАМ-К”): Во 2015 година се примени 6 кривични замолници и сите се решени.

1.8.. Извршување на казна затвор и мерки на безбедност (“КУИКП””)

Во извештајната 2015 година судот во работа имаше вкупно 77 КУИКП- предмети, од кои 36 се од минатата година, а 41 предмет е новопримен. Решени се 41 предмети, а останале нерешени 36.

Во извештајната година иамше еден предмет прекин на издржување на казна и истиот решен.

1.9.Разни кривични предмети

Во извештајната година судот во работа имаше 1404 разни кривични предмети од кои 1380 новопримени и 3 заостаток од предходната година.Решени се 1394 разни кривични предмети, а останале нерешени 10 предмети.

*Табеларен приказ на движење на предметите во кривичен одделна судот.*

| *Предмети на почетокот на 2015 г* | *Новопримени предмети* | *Предмети повторно во работа* | *Погрешно зведени предмети* | *Вкупно предмети во работа* | *Решени предмети* | *Останати предмети* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 187 | 3150 | 38 | 5 | 3370 | 3256 | 114 |

*Тбалеарн приказ за квалитетот на решавање на предметите во кривичен оддел на судот*

| *Решение предмети со норма* | *Потврдени* | | *Укинати* | | *Преиначени* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на предм.* | *Број* | *%* | *Број* | *%* | *број* | *%* |
| 1246 | 59 | 4,7 | 23 | 1 | 3 | 0,2 |

**1.10.КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА**

Во извештајната година беше извршена уште една обемна системска обврска, а имено извршена е проверка и се внесени податоци во казнената евиденција во електронска форма за периодот од 1996 год. до 2014 год., согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в. на РМ", бр.111/14).

## IV ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

**Претседателот на судот судија Мерсим Марку,** согласно надлежностите по Законот за судови, Законот за судска служба и други закони во кои е прдевидена надлежност да постапува претседтелот на судот, како и Судскиот деловник, постапувал по 2716 предмети по сите основи, од кои 2661 новопримени, 34 заостаток од предходната година и погрешно заведени 23 предмети. Во извештајната година решил 2705 предмети, од кои 1 оставина по приговор, 89 останати вонпарнични предмети, 27 ВПП, 827 заверки, 30 ППНИ, 1 разни граѓански предмети,1 П.ПОВ, 1394 разни кривични, 68 КС, 2 КС-ПРК, 257 СУ, 1 СУ-ДОВ, 5 СПИ и 2 УПП. Останале нерешени 11 предмети.

Квалитет на решавање на предметите.

Од обжалени ППНИ предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 12 предмети и истите со одлука потврдени.

Од обжалени ВПП предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 2 предмети и истите со одлука потврдени.

Од обжалени ПОВП предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 2 предмети, од кои 1 или 50% потврдени 1 или 50% укинати.

Од обжалени КС предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 3 предмети, од кои 2 преиначени и 1 потврдена.

Решени предмети опфатени со норма се 191 предмет

Имајќи го предвид вкупниот број на решени предмети опфатени со норма и бројот на укинати и преиначени предмети, квалитетот на пресудување е 2,1% укинати, 0,1% преиначени и остатнатото е потврдено.

## VI.ОБЕМ НА РАБОТА НА СУДИИ

Во извештајната година судската функција во судот ја извршуваа пет судии во која бројка влегува и Претседателот на судот.

**Судија Јелена Мартиновска**, согласно планот и распоредот за работа на судот за 2015 година, работеше по кривични прдемети полнолетни, предмети на судија на предходна постапка, КУИКП предмети, ИКП предмети, разни кривични предмети, извршување на прекршочни предмети и останатаи вонпарнични предмети и заверки.

Во извештајната година судијата во работа по сите основи имала 1921 предмети, од кои 1795 новопримени, 126 од заостаток од предходната година.Решила 1869 предмети, од кои 66 останати вонпарнични предмети, 610 заверки, 21 КУИКП предмет,12 извршување на кривични глоби, паушал и трошоци, 141 предмет иззвршување на прекршочни санкции, 12 предмети ОИД, 603 разни кривични предмети, 48 кривични полнолетни и 356 прекршочни предмети.Останале нерешени 62 предмети и тоа: 6 кривични полнолетни, 17 КУИКП, 8 ИПК, 28 прекршочни предмети и 3 ИКП предмети.

Квалитет на решавање на предметите.

На крајот на извештајната година судијата има десет стари нерешени предмети и тоа КУИКП предмети.

Од обжалени кривични предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 13 предмети, од кои 7 потврдени, 3 укунати , 1 преиначени и 2 отврлена е жалбата.

Од обжалени прекршочни предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 34 предмети, од кои 23 потврдени 11 укунати.

Судијата во извештајната година решила 656 предмети опфатени со норма.

Имајќи го предвид вкупниот број на решени предмети опфатени со норма 585 и бројот на укинати и преиначени предмети, квалитетот на одлучување е 2.3 % укинати, 0.1% преиначени и остатнатото е потврдено.

*Табеларен преглед на движење на предметите – судија Јелена Мартиноска*

| **Области** | **Вид на предмети** | **Предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** | **Укинати предмети** | **Преиначени предмети** | **Застарени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истрага** | | | | | | | |
| | **ОИД** | **12** | **12** | **0** | **/** | **/** | **/** |
| | **КРИ** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| | **К-ПП** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Кривично полнолетни** | **К** | **49** | **43** | **6** | **3** | **1** | **/** |
| | **КС** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| | **ЗАМ-К** | | | | **/** | **/** | **/** |
| **Прекршоци** | **ПРК** | **384** | **356** | **28** | **11** | **/** | **/** |
| **Извршување на санкции** | **КУИКП, ИПК** | **187** | **162** | **25** | **/** | **/** | **/** |
| **Извршување на кривични глоби, трошоци и паушач** | **ИКП** | **15** | **12** | **3** | **/** | **/** | **/** |
| **Разни кривични предмети** | **КР** | **603** | **603** | **0** | **/** | **/** | **/** |
| **Разни вонпарнични предмети** | **РВПП** | **66** | **66** | **0** | **/** | **/** | **/** |
| **Заверки** | **ЗАВ-С** | **610** | **610** | **0** | **/** | **/** | **/** |

**Судија Оруч Абазовски** согласно планот и распоредот за работа на судот за 2015 година, работеше по кривични прдемети полнолетни, предмети на судија на предходна постапка, КУИКП предмети, ИКП предмети, предмети извршување на прекршочни санкции и ЗАМ-К предмети.

Во извештајната година судијата во работа по сите основи имал 628 предмети, од кои 577 предмети новопримени , 51 од заостаток од предходната година.Решил 595 предмети, од кои 6 ЗАМ-К, 20 КУИКП, 1 прекин на извршување на казна, 27 извршување на кривични глоби, трошоци и паушал, 167 предмети извршување на прекршочни санкции, 14 ОИД, 3 разни кривични предмети, 51 кривични полнолетни и 306 прекршочни предмети.Останале нерешени 33 предмети од кои 2 предмети кривично полнолетни, 19 КУИКП и 12 прекршочни предмети.

На крајот на извештајната година судијата има пет стари нерешени предмети и тоа КУИКП предмети.

Квалитет на решавање на предметите:

Од обжалени кривични предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 12 предмети, од кои 9 потврдени, 1 укинати, 1 делумно укинат и 1 отврлена е жалбата.

Од обжалени прекршочни предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 27 предмети, од кои 19 потврдени и 8 укинати.

Судијата во извештајната година решил 1 предмети опфатени со норма.

Имајќи го предвид вкупниот број на решени предмети опфатени со норма и бројот на укинати и преиначени предмети, квалитетот на решавање е 1,5% укинати и остатнатото е потврдено.

*Табеларен преглед на движење на предметите – судија Оруч Абазоски*

| Области | Вид на предмети | Предмети во работа | Решени предмети | Остаток на предмети | Укинати предмети | Преиначени предмети | Застарени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Истрага | КИ | / | / | / | / | / | / |
| | ОИД | 14 | 14 | 0 | / | / | / |
| | КРИ | / | / | / | / | / | / |
| | К-ПП | / | / | / | / | / | / |
| Кривично полнолетни | К | 53 | 51 | 2 | 1 | / | / |
| | КС | / | / | / | / | / | / |
| | ЗАМ-К | 6 | 6 | 0 | / | / | / |
| Прекршоци | ПРК | 318 | 306 | 12 | 8 | / | / |
| Извршување на санкции | КУИКП, И-ПРК | 206 | 187 | 19 | / | / | / |
| Извршување на кривични глоби, трошоци и паушач | ИКП | 27 | 27 | 0 | / | / | / |
| Замолници од државни органи | ЗАМ-С | / | / | / | / | / | / |
| Разни кривични предмети | КР | 3 | 3 | / | / | / | / |
| Прекин на казна | ПК | 1 | 1 | 0 | / | / | / |

**Судија Дамјан Илоски** согласно планот и распоредот за работа на судот за 2015 година, работеше по предмети од граѓанска област („П„, „П1“, „П2“, „П4“, „ПЛ1П“, „ВПП“, „МЛВП“, „О1“и „ПОВП“) , како и по предмети разни кривични.

Во 2015 година судијата во работа по сите основи имал 185 предмети, од кои 138 предмет новопримени, 47 од заостаток од предходната година.Решил 133 предмети, од кои 4 разни кривични предмети, 1 оставина по приговор, 1 предмет оставина, 3 ВПП, 3 ПОВП, 19 РО, 39 семејни спорови, 13 Платни налози по приговор, 27 имотни спорови, 20 облигациони спорови и 3 парнични-мала вредност.Останале нерешени 52 предмет, од кои 8 облигациони спорови, 17 имотни спорови, 1 ПЛП, 23 семејни спорови, 2 РО и 1 парничен.

На крајот на извештајната година судијата има два стари нерешени предмети и тоа 1 парничен и 1 имотен предмет.

Квалитет на решавање на предметите.

Од обжалени граѓански предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 25 предмети, од кои 18 потврдени, 5 укинати, 1 преиначена и 1 делумно укината.

Судијата во извештајната година решил вкупно 129 предмети опфатени со норма.

Имајќи го предвид вкупниот број на решени предмети опфатени со норма 129 и бројот на укинати и преиначени предмети, квалитетот на пресудување е 3,8% укинати, 0,7% преиначени и остатнатото е потврдено.

*Табеларен преглед на движење на предметите – судија Дамјан Илоски*

| Области | Предмети во работа | Решени предмети | Остаток на предмети | Укинати предмети | Преиначени предмети | Застарени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **П** | **1** | **0** | **1** | **/** | | / |
| **П1** | 44 | 27 | 17 | / | / | / |
| **П2** | 62 | 39 | 23 | 1 | / | / |
| **П4** | 28 | 20 | 8 | 1 | / | / |
| **РО** | 21 | 19 | 2 | 2 | / | / |
| **ПЛ1-П** | 14 | 13 | 1 | / | / | / |
| **ППОВ** | 3 | 3 | 0 | 1 | / | / |
| **МАЛВП** | 3 | 3 | 0 | / | / | / |
| **ВПП** | 3 | 3 | 0 | | / | / |
| **О** | 1 | 1 | 0 | / | / | / |
| **О1** | 1 | 1 | 0 | / | / | / |
| **КР** | 4 | 4 | 0 | / | / | / |

**Судија Илир Исени** согласно планот и распоредот за работа на судот за 2015 година, работеше по предмети од граѓанска област( „П1“, „ПОВП“, „П4“, „РО“, „ПЛ1П“, „ВПП“, „ВПП1“, „ВПП2“, „ОДС“, „ПСО“, „О“ и ЗАМ граѓански).

Во 2015 година судијата во работа по сите основи имал 142 предмети, од кои 122 предмет новопримени, 20 од заостаток од предходната година.Решил 105 предмети, од кои  1 предмет оставина, 1 физичка делба, 2 ЗАМ граѓански, 4 ПСО, 3 ОДС ,12 ВПП, 3 ВПП2,1 ПОВП, 13 РО, 18 платни налози по приговор, 20 имотни спорови и 27 облигациони спорови.Останале нерешени 37 предмети, од кои 5 физичка делба, 1ВПП, 8 облигациони спорови, 19 имотни спорови и 4 ПЛП.

На крајот на извештајната година судијата има еден стар нерешен имотен предмет.

Квалитет на пресудување

Од обжалени граѓански предмети вратени од Апелационен суд Гостивар се 34 предмети, од кои 26 потврдени, 7 укунати и 1 преиначена.

Судијата во извештајната година решил вкуоно 103 предмети опфатени со норма.

Имајќи го предвид вкупниот број на решени предмети опфатени со норма и бројот на укинати и преиначени предмети, квалитетот на пресудување е 6,7% укинати, 0,9% преиначени и остатнатото е потврдено.

*Табеларен преглед на движење на предметите – судија Илир Исени*

| **Области** | **Предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** | **Укинати предмети** | **Преиначени предмети** | **Застарени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **П1** | 39 | 20 | 19 | 5 | 1 | / |
| **П4** | 35 | 27 | 8 | 1 | / | / |
| **РО** | 13 | 13 | 0 | 1 | / | / |
| **ПЛ** | / | / | / | / | / | / |
| **ПЛ1-П** | 22 | 18 | 4 | / | / | / |
| **ППОВ** | 1 | 1 | 0 | / | / | / |
| **ВПП** | 13 | 12 | 1 | . | / | / |
| **ВПП1** | 6 | 1 | 5 | / | / | / |
| **ВПП2** | 3 | 3 | 0 | / | / | / |
| **ОДС** | 3 | 3 | 0 | / | / | / |
| **О** | 1 | 1 | 0 | / | / | / |
| **ПСО** | 4 | 4 | 0 | / | / | / |
| **ЗАМ-С** | 2 | 2 | 0 | | / | / |

## VI.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА

1. Тековен број на вработени и побарување на најприоритени вработувања во текот на годината во судот

Во 2015 год. работите и задачите од надлежноста на судот беа извршувани од вкупно 32 вработени, од кои: 5 судии (со Претседателот на судот),2 судски соработници, 1 соработник информатичар, 1 соработник толкувач , 2 помлади судски соработници, 1 самостоен судски референт (сметководител), 3 самостојни судски референти (уписничари), 1 виш судски референт (уписничар), 1 судски референт (прием на пошта и архивар) 6 судски референти-дактилографи (од кои еден во март 2015 се стекна со право на старосна пензија), 1 судски референ извршител во писарница, 3 помлади судски референти доставувачи, 4 припадници на судската полиција и 1 помошен и технички работник (хигиеничар).

Со оглед на претходно наведенотото, како приоритени вработувања за судот во 2016 година, се јавуваат вработувањата на следните позиции: 1 судски соработник, 1 соработник толкувач, 1 припадник на полиција и 1 Возач, хаусмајстор-одржувач на парно греење.

2. Анализа на планирани и реализирани обуки на вработените.

Обуките на вработените во Основниот суд Дебар се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители- Скопје. На обуките зедоа учество судиите и судските службеници (судски соработници и помошно-стручни службеници) од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: “Новиот Закон за кривичната постапка”, “Примена на новиот Закон за прекршоците”, “Примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната”, а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: “Имплементација на Законот за парничната постапка”, “Трудово право во ЕУ и судска

практика на Европскиот суд на правдата на ЕУ и Европскиот суд за човекови права” и “Слобода на изразување и право на приватност-чл.8 и 10 од Европската конвенција за човековите права”.

## VI.УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно (најмалку еднаш месечно) се изнесуваат на седниците на судиите.

При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Гостивар, на заедничка седница се разјаснуваа определени правни прашања по барање на судиите на Основниот суд Дебар и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската практика во определени специфични правни случаи и единствената примена на законите.

## VII. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

1 Број на примени и одговорени прашања од граѓаните за канцеларијата за односи со јавност што се однесува на нивните прашања: Во 2015 год. Примени се 5 барања за изнформации од јавен карактер и одговорено е по истите.

2. Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет: Досега на WEB-страната на Основен суд Дебар се објавени вкупно 940 анонимизирани одлуки. Објавени соопштенија за јавност,неделни и месечни извештаи, календар на одржување на рочишта.

3. Во 2015 година судот одржа две прес конференци, каде присутни беа локлни медиуми, и истите беа запознати со обемот на работа на судот и решавањето на предметите.

## VIII.ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ И АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИКТ

Во 2015 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

-Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми; -Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот; -Одржување на судската мрежа;

-Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите, дистрибуирање на обновената лиценца; -Секојдневна помош на судските службеници во работата, во случај на појавени проблеми во програмата АКМИС; -Ажурирање на WEB-страната на судот, со редовно објавување на анонимизираните одлуки, неделниот календар на судења и соопштенија и информации од јавен карактер;

-Секојдневна изработка на извештаи за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, како и изработка на неделни извештаи за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, вкупниот број на на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот; -Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;

-Помош и обука на записничарите кои работат со судиите од граѓанскиот оддел за користење на програмата за тонски снимања “ФЕМИДА”; -Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС; -Оптимизирање на Backup процедурата за виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp;

-Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;

-Инсталација на потребен софтвер и драјвери; -Имплементирање на опрема за скенирање во приемното одделение и обука на судските службеници од наведеното одделение за користење на опремата и системот за електронски прием на поднесоци;

-Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер; -Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk исл.

Во сметководство се користи програмата АБМС -Автоматизиран Буџетски Менаџмет Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во сметководство се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На сите компјутери е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows. Работата на компјутерите коишто се со 256MB-1GB RAM е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Затоа, потребно е да се направи надградба на тие компјутери најмалку до 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата.

Бидејќи принтерите кои ги користиме во секојдневна работата се веќе амортизирани. Во текот на претходните години, голем дел од нив се носени на сервис, а дел од сервисните зафати чинат понекогаш повеќе од набавка на нов уред, па во текот на 2016 година е потребно да се изврши набавка на нови принтери.

## IX. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Зградата на Основниот суд Дебар е изградена пред повеќе од 60 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење. Во 2000 год. е извршена надградба со изградба на уште еден кат и обновување на фасадата. Од изградбата на зградата не е вршена реконструкција на електричната инсталација и стариот дел во кој се сместени судските службеници Влезната партија е доуредувана со пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда). Судот нема свој паркинг простор. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Во новиот дел на судот се судските кабинети и две судсници. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат, со инсталиран еден клима-уред. Најголем дел од судските простории се климатизирани. Архивата на судот е сместена во првиот кат и во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари. Основното јавно обвинителство Дебар користи четири простории на приземје. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Дебар е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, со учество во набавка на нафта за греење. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-Реконструкција стариот дел прв кат со нова електричната инсталација, заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (компјутери, печатачи, сервери, климатизери исл.), нов под-паркет или ламинат, малтерисување и нови врати.

-Набавка на метал детектор и инсталација на камери за видео-надзор на првиот кат, во делот на ходникот пред судници, како и пред и зад судската зграда. -

Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната: -Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат четирите припадници на судската полиција; -Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е можно да се организира. -Опремата за противпожарна заштита не е испитана, па е потребно обезбедување средства за нејзино редовно одржување.

## X.БУЏЕТ НА СУДОТ И АНАЛИЗА НА НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ

Во периодот од 01.01.2015 год. до 31.12.2015 година направени се расходи во вкупен износ од 16.314.319,оо, од кои најголем дел, и тоа износ од 14.425.6311,00 денари за плати, придонеси и 31.950 за надоместоци на вработените, 1.741.726,00 денари за материјални расходи на судот, и 115.012,00 денари за трансвери. Во споредба со одобрениот буџет за 2015 година во износ од 1.741.762,00 ( 1.514.000,00 ден. на почетокот на годината и 237000,00 денари со годишната распределба на буџетот за 2015 година од страна на Судскиот буџетски совет) направените трошоци ( 1.741.726,00ден.) не го надминуваат планираниот буџет за износ од 19.864.942,00 ден. Во 2015 година пренесени се обврски од изминатите години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 1.064.192,00 ден. Дел од овој долг е намирен во текот на годината, така што заклучно со 31.12.2015 год. вкупните ненамирени обврски по основ на материјални трошоци изнесуваат 592..911,00 денари, со што долгот е намален за 471.281,00 денари.

Во октомври е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети.

Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен. Поради тоа, за 2015 год. Основниот суд Дебар не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети. Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.

Се планира дел од ненамирените обврски да се намират со одобрениот буџет за 2016 год

## XI.ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ.

Карактеристично е тоа што во 2015 година има зголемување на приливот на предметите кои се неопфатени со ориенатциона норма, додека пак има налување во обемот на работа во однос на предходната година по предметите опфатени со ориентациона норма.

Во поглед на квалитетот на работа во ова извештајна година со задоволство може да се каже дека во однос на предходната година е подобрен, а тоа може да се види во поединечните резултати на судиите.

Ангажираноста на стручните и другите судски службеници несомнено доведе до подобрување на севкупното на работењето на судот во 2015 година.

Од постигнатите резултати на работење на судот, се заклучува дека Основен суд Дебар 2015 година ја заврши како ефикасен и ажурен суд

Во контекст на погоре изнесеното го предлагаме следното:

-Во текот на 2016 година да се направи напори за поведување на постапка за измени во постоечкиот Закон за судовите по однос на ставрната надлежност на Основниот суд Дебар и враќање на дел од надлежностите предвидени со Закон за судови од 1995 година објавен во Сл.весник на РМ бр.35/95, како и по однос на проширување на месната надлежност на Основниот суд Дебар на општина Маврово и Рустуше, која сега е во месна надлежност на Основен суд Гостивар.

-Одобрените буџетски средства да соодејствуваат со реалните трошоци предвидени со Предлог на буџетот на судовите за наредните години.

-Да се продолжи со мерки за намалување на бројката на стари предмети.

-Да се издаде согласност од Судски буџетски совет за попнување на четири слободни работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на судот и тоа: 1 судски соработник, 1 соработник толкувач, 1 припадник на полиција и 1 Возач, хаусмајстор-одржувач на парно греење.

**Претседател на судот**

Мерсим Марку

***Изготвил:***

*Мевмед Муратоски*

*Суд.соработник*